Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6109 | 1 | |

19:04

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6006/1 од 26.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6006/1 од 26.11.2016 година, емитуван во периодот од 11 до 20 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6006/1 од 26.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага за член 75-б од Изборниот законик, да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 26.11.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6006/1 од 26.11.2016 година, емитуван во периодот од 11 до 20 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6006/1 од 26.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека известувањето за активностите на Владата и на органите на државната управа во рамките на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, е главно вистинито и релевантно, поради што се предлага за член 75-б од Изборниот законик, да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________